**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**
**СКОПЈЕ**
Бул. Гоце Делчев бр. 9А 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811


Бр. 04-810/11
05-07-2021
Скопје

Врз основа на чл. 110, чл. 175 став 1 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 година), Наставно-научниот совет на Филолошки факултет „Блаже Конески" во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 61. редовна седница одржана на 2.7.2021 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

1. **Д-Р БОЈАН ПЕТРЕВСКИ се избра** во звањето **доцент** во наставно-научните области **(64000) Македонистика, (64010) Општа лингвистика, (64018) Граматика, семантика, семиотика, синтакса и (64019) Лексикологија.**
2. Именуван/-иот/-ата заснива работен однос на определено работно време до 1.7.2026 година.
3. Во стекнатото звање именуван/-иот/-ата се здобил-а од денот на донесувањето на оваа Одлука, а платата ќе се определи со посебно решение во согласност со Правилникот за плати.

**Образложение**

На објавениот конкурс за избор на **доцент** во наставно-научните области **(64000) Македонистика, (64010) Општа лингвистика, (64018) Граматика, семантика, семиотика, синтакса и (64019) Лексикологија** објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха", се пријави кандидатот **д-р Бојан Петревски.**

Рецензијата за овој избор е објавена во Билтенот на Универзитетот бр. 1240.

Наставно-научниот совет на својата седница одржана на ден 2.7.2021 година по предлог на Рецензентската комисија во состав:

1. **д-р Анета Дучевска, редовен професор**
2. **д-р Станислава-Сташа Тофоска-Јанеска, редовен професор**
3. **д-р Симон Саздов, редовен професор**

едногласно го-ја избра **д-р Бојан Петревски** во звањето **доцент**.

Согласно чл. 175 став 1 од Законот за високото образование избраниот наставник заснива работен однос за времето на кое е избран.

Одлуката да се достави до именуван/-иот/-ната, Одделението за правни, општи работи и човечки ресурси, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење и Архивата на Факултетот.

ДЕКАН
на Филолошкиот факултет
Проф. д-р Анета Дучевска

Изработил:ГК
Одобрил:МШ

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**Број 1240**

Скопје, 15 јуни 2021 година

***Прилог бр. 2***

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (64000) МАКЕДОНИСТИКА, (64010) ОПШТА ЛИНГВИСТИКА, (64018) ГРАМАТИКА, СЕМАНТИКА, СЕМИОТИКА, СИНТАКСА И (64019) ЛЕКСИКОЛОГИЈА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 30.4.2021 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (64000) македонистика, (64010) општа лингвистика, (64018) граматика, семантика, семиотика, синтакса и (64019) лексикологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 04-764/7, донесена на 20.5.2021, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Анета Дучевска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, д-р Станислава Сташа Тофоска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и д-р Симон Саздов, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (64000) македонистика, (64010) општа лингвистика, (64018) граматика, семантика, семиотика, синтакса и (64019) лексикологија, во предвидениот рок се пријави д-р Бојан Петревски.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Бојан Петревски е роден на 15.1.1988, во Скопје. Средно образование завршил во Скопје во 2006. Со високо образование се стекнал на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Дипломирал во 2010 година, со просечен успех 10.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2010/2011 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“. Студиите ги завршил во 2011 година, со просечен успех 10. На 29.10.2012 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Негацијата во каузалните реченици во македонскиот јазик“.

Докторска дисертација пријавил на 16.2.2017 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“. Дисертацијата на тема: „Неинтегрираните конструкции во македонскиот јазик (синтаксички, семантички и информацискоструктурни аспекти)“ ја одбранил на 2.4.2021 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Анета Дучевска, проф. д-р Станислава Сташа Тофоска, проф. д-р Димитар Пандев, проф. д-р Симон Саздов и проф. д-р Маргарита Велевска. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на хуманистички науки – македонски јазик и лингвистика.

На 21.11.2018 година е избран во звањето асистент на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, во областа современ македонски јазик.

Во моментот е асистент на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1179 од 1.11.2018 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1179 од 1.11.2018, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, кандидатот д-р Бојан Петревски изведува вежби на прв циклус студии по предметите од областа на современиот македонски јазик (лекторски вежби) и на граматиката на македонскиот јазик на студиските програми: Преведување и толкување; Преведување и толкување – албански јазик; Македонски јазик.

Пред изборот во звањето асистент на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, д-р Бојан Петревски изведувал вежби по предмети од групата Современ македонски јазик како демонстратор, т.е. како надворешен соработник. Во уч. 2013/2014 и 2014/2015 бил ангажиран од страна на УКИМ како лектор по македонски јазик на Националниот институт за ориентални јазици и цивилизации (Иналко) во Париз, Франција. Во рамките на овој ангажман, д-р Петревски изведувал настава по повеќе предмети од областа македонистика. Во однос на работата со странски студенти што го изучуваат македонскиот јазик, за одбележување е и неговото учество како лектор/предавач на Летната школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ: во 2013, 2014, 2015, 2020 и во 2021 на првата Зимска школа.

Кандидатот учествувал како член во Комисија за одбрана на девет дипломски трудови.

За време на извештајниот период, Петревски одржувал предавања во школи и работилници континуирано бил ангажиран со голем број студенти преку консултации по предметите за кои изведувал вежби.

Детален преглед на ангажманот во делот за наставно-образовната дејност на д-р Петревски е даден во Образец 2, како составен дел на овој Извештај.

Како заклучок кон овој дел, Комисијата смета дека д-р Бојан Петревски се покажува и се изградува како солиден и посветен наставник и предавач, со развиено чувство за потребите на студентите во однос на материјата што треба да ја совладаат. Неговото повеќегодишно искуство во работата со странски студенти што го изучуваат македонскиот јазик претставува вреден влог во натамошниот наставен ангажман.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Петревски има објавено вкупно 29 трудови со оригинални научни резултати од областа на македонистиката и лингвистиката, од кои 8 се објавени во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор; 10 во научни и стручни списанија; како и 11 труда во зборници од меѓународни и домашни научни собири.

Во овој дел важно е да се споменат и шест прилози во авторство на кандидатот, кои претставуваат прикази или осврти на други публикации, а се објавени во научни и стручни списанија од соодветните области. Научноистражувачката актива на Петревски вклучува и 13 настапи на собири организирани од високообразовни институции, како и од други сродни институции.

Својот магистерски труд д-р Петревски го објавува како монографско издание, кое секако служи како референтна лингвистичка публикација.

Што се однесува до учеството во научни проекти, д-р Петревски дал свој придонес во неколку: два од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и три од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

Детален преглед на активностите во научноистражувачката дејност е даден во Образец 2.

Како заклучок на овој дел, Комисијата смета дека д-р Бојан Петревски покажува исклучително висок степен на компетенции за научноистражувачка работа. Од него може да се очекуваат следни квалитетни резултати во областа на македонистиката и на лингвистиката: резултати во поглед на нови сознанија, толкувања, перспективи, како и резултати во смисла на публикации во домашни и странски научни списанија. За очекување е д-р Петревски да се вклучи и во сферата на составување и реализирање научни проекти во рамките на Факултетот/Универзитетот, но и во соработка со странски факултети/универзитети.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Бојан Петревски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

Најголемиот придонес во овој дел се гледа во применувачката дејност, т.е. во неговата активност на планот на лекторирањето: извршил јазична редакција на 10-тина книги (од научен, научно-популарен и уметнички стил), како и на 100-тина статии во научни списанија.

Забележителна активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Факултетот: член е на комисија за конкурс за доделување на наградата „Блаже Конески“ за есеј; на технички комисии за уписи и за попис; на организациски одбори на повеќе научни собири на Факултетот; на уредувачки одбор на зборници од научни собири; на комисии за државни натпревари по македонски јазик за основното и за средното образование во организација на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература.

Другите активности од стручно-апликативната дејност, релевантни за изборот, подетално се наведени во Образец 2 во прилог на овој Извештај.

Како заклучок на овој дел, Комисијата смета дека д-р Бојан Петревски изразува расположливост за вклучување во факултетските комисии, одбори, и тела. За очекување е оваа активност да се зголеми во наредниот период, имајќи го предвид неговото досегашно искуство, како и неговиот потенцијал за делување во оваа сфера.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и високо ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Бојан Петревски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Бојан Петревски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент во научните области (64000) македонистика, (64010) општа лингвистика, (64018) граматика, семантика, семиотика, синтакса и (64019) лексикологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Бојан Петревски да биде избран во звањето доцент во научните области (64000) македонистика, (64010) општа лингвистика, (64018) граматика, семантика, семиотика, синтакса и (64019) лексикологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Анета Дучевска, с.р.**
**Проф. д-р Станислава Сташа Тофоска, с.р.**
**Проф. д-р Симон Саздов, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Бојан Горјанче Петревски**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески“**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: 64000 МАКЕДОНИСТИКА; 64010 ОПШТА ЛИНГВИСТИКА; 64018 ГРАМАТИКА, СЕМАНТИКА, СЕМИОТИКА, СИНТАКСА; 64019 ЛЕКСИКОЛОГИЈА**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 10,00<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00<br>Просечниот успех изнесува ___________за интегрираните студии. | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: хуманистички науки; поле: македонски јазик и лингвистика; подрачје: македонистика. | да |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: *Современа филологија // Journal of Contemporary Philology*<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 18 (од 16 земји)<br>3. Наслов на трудот: Аспекти на придавската секундарна предикација во македонскиот јазик<br>4. Година на објава: 2019<br><br>1. Назив на научното списание: *Прилози на ОЛЛН на МАНУ*<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 12 (од 10 земји)<br>3. Наслов на трудот: Секундарната предикација во врска со акузативниот објект во македонскиот јазик<br>4. Година на објава: 2020 | да |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1. Назив на зборникот: *Погледи за македонскиот јазик (зборник на трудови)* | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Назив на меѓународниот собир: *Погледи за македонскиот јазик (зборник на трудови)*<br>3. Имиња на земјите: Македонија, САД, Хрватска, Русија, Србија, Канада, Полска, Германија, Австрија<br>4. Наслов на трудот: За еден кондензиран начин на изразувањето на причината во македонскиот јазик<br>5. Година на објава: 2020 | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>*1.* Назив на зборникот: *XLVI меѓународна научна конференција на LII летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура*<br>Назив на меѓународниот собир: *XLVI меѓународна научна конференција на LII летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура*<br>*2.* Имиња на земјите: Македонија, САД, Хрватска, Русија, Србија, Канада, Полска, Германија, Австрија<br>*3.* Наслов на трудот: Информацискиот аспект на изразувањето на причината во неколку дебатни емисии во претседателската кампања<br>*4.* Година на објава: 2020 | да |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Уверение<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“<br>4. Датум на издавање на документот: 23.4.2021 г. | да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат засновал работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА**

**Проф. д-р Анета Дучевска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Станислава Сташа Тофоска, член, с.р.**
**Проф. д-р Симон Саздов, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Бојан Горјанче Петревски**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Филолошки факултет „Блаже Конески"**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: 64000 МАКЕДОНИСТИКА; 64010 ОПШТА ЛИНГВИСТИКА; 64018 ГРАМАТИКА, СЕМАНТИКА, СЕМИОТИКА, СИНТАКСА; 64019 ЛЕКСИКОЛОГИЈА**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување настава од прв циклус<br><br>1. Филолошки факултет „Блаже Конески"<br>2009/2010 – демонстратор<br>(зим. сем. 2009/10 – 4 x 15 x 0,03) = 1,8<br>(лет. сем. 2009/10 – 4 x 15 x 0,03) = 1,8<br><br>2. УКИМ / Национален институт за ориентални јазици и цивилизации (Иналко)<br>2013/2014 – лектор<br>(зим. сем. 2013/14 – 23 x 15 x 0,03) = 10,35<br>(лет. сем. 2013/14 – 23 x 15 x 0,03) = 10,35<br><br>3. УКИМ / Национален институт за ориентални јазици и цивилизации (Иналко)<br>2014/2015 – лектор<br>(зим. сем. 2014/15 – 23 x 15 x 0,03) = 10,35<br>(лет. сем. 2014/15 – 23 x 15 x 0,03) = 10,35<br><br>4. Филолошки факултет „Блаже Конески"<br>2017/2018 – стручњак од практиката<br>(зим. сем. 2017/18 – 4 x 15 x 0,03) = 1,8<br>(лет. сем. 2017/18 – 4 x 15 x 0,03) = 1,8<br><br>5. Филолошки факултет „Блаже Конески"<br>2018/2019 – стручњак од практиката<br>(зим. сем. 2018/19 – 6 x 8 x 0,03) = 1,44<br><br>6. Филолошки факултет „Блаже Конески"<br>2018/2019 – асистент<br><br>(зим. сем. 2018/19 – 12 x 7 x 0,03) = 2,52<br>(лет. сем. 2018/19 – 12 x 15 x 0,03) = 5,4<br><br>6. Филолошки факултет „Блаже Конески"<br>2019/2020 – асистент<br><br>(зим. сем. 2019/20 – 12 x 15 x 0,03) = 5,4<br>(лет. сем. 2019/20 – 12 x 15 x 0,03) = 5,4 | 79.56 |

| | | |
|---|---|---|
| | 7. Филолошки факултет „Блаже Конески“<br>2020/2021 – асистент<br><br>(зим. сем. 2020/21 – 12 x 15 x 0,03) = 5,4<br>(лет. сем. 2020/21 – 12 x 15 x 0,03) = 5,4 | |
| 2. | Консултации со студенти<br><br>1. Филолошки факултет „Блаже Конески“<br>2009/2010 – демонстратор<br>(зим. сем. 2009/10 – 50 x 0,002) = 0,1<br>(лет. сем. 2009/10 – 50 x 0,002) = 0,1<br><br>2. УКИМ / Национален институт за ориентални јазици и цивилизации (Иналко)<br>2013/2014 – лектор<br>(зим. сем. 2013/14 – 10 x 0,002) = 0,02<br>(лет. сем. 2013/14 – 10 x 0,002) = 0,02<br><br>3. УКИМ / Национален институт за ориентални јазици и цивилизации (Иналко)<br>2014/2015 – лектор<br>(зим. сем. 2014/15 – 10 x 0,002) = 0,02<br>(лет. сем. 2014/15 – 10 x 0,002) = 0,02<br><br>4. Филолошки факултет „Блаже Конески“<br>2017/2018 – стручњак од практиката<br>(зим. сем. 2017/18 – 20 x 0,002) = 0,04<br>(лет. сем. 2017/18 – 20 x 0,002) = 0,04<br><br>5. Филолошки факултет „Блаже Конески“<br>2018/2019 – асистент<br><br>(зим. сем. 2018/19 – 50 x 0,002) = 0,1<br>(лет. сем. 2018/19 – 70 x 0,002) = 0,14<br><br>6. Филолошки факултет „Блаже Конески“<br>2019/2020 – асистент<br><br>(зим. сем. 2019/20 – 50 x 0,002) = 0,1<br>(лет. сем. 2019/20 – 70 x 0,002) = 0,14<br><br>7. Филолошки факултет „Блаже Конески“<br>2020/2021 – асистент<br><br>(зим. сем. 2020/21 – 50 x 0,002) = 0,1<br>(лет. сем. 2020/21 – 70 x 0,002) = 0,14 | 1,08 |
| 3. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (9 x 0,1) | 0,9 |
| 4. | **Настава во школи и работилници (7 x 1)**<br><br>1. Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, 2013<br>2. Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, 2014 | 7 |

| | | |
|---|---|---|
| | 3. Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, 2015<br>4. Европски кампус за јазици и превод (Campus européen L.E.T.F.I.S. 2015), Национален институт за ориентални јазици и цивилизации, Париз, Франција, 2015<br>5. Курс по македонски јазик на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, 2019<br>6. Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, 2020<br>7. Зимска школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, 2021 | |
| | **Вкупно** | 88,54 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Монографија**<br>*Негацијата во каузалните реченици.* Скопје: Македонска реч, 2016. | 8 |
| | | |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови (8 x 5)**<br>1. „Негацијата во комплементарните реченици во македонскиот јазик“. *Македонски јазик* LXIV, 2013, 63-73.<br>2. „Семантиката на именските синтагми воведени од како“. *Studia linguistica Polono-(Meridiano)slavica*, 2013, 125-135.<br>3. „Редунданцијата во именската синтагма во македонскиот јазик“. *Македонски јазик* LXV, 2014, 265-271.<br>4. „Критериуми за издвојување на неинтегрираните конструкции во македонскиот јазик“. *Македонски јазик* LXVII, 2016, 123-129.<br>5. „Информацискиот статус на причинските придавски неинтегрирани конструкции“. *Македонски јазик* LXVIII, 2017, 131-144.<br>6. „Концесивните неинтегрирани конструкции во македонскиот јазик“. *Journal of Contemporary Philology*, 1 (1)/2018, 48-63. <https://journals.ukim.mk/index.php/jcp/article/view/11> пристапено на: 3.10. 2018.<br>7. Аспекти на придавската секундарна предикација во македонскиот јазик“. *Современа филологија/Journal of Contemporary Philology*, 2019, стр. 65-79.<br>8. „Секундарната предикација во врска со акузативниот објект во македонскиот јазик“, Прилози на ОЛЛН на МАНУ XLIV, 1, 2020, стр. 131-145. | 40 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови,** | 25 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји (5 x 5)**<br><br>1. „Од проблематиката на референцијално употребените неопределени именски синтагми“. Меѓународен научен симпозиум „Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура“. Скопје 15 – 16 декември 2011. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2012, 281-290.<br>2. „Придонесот на странските лингвисти за проучувањето на линеаризацијата во македонскиот јазик“, XXXIX научна конференција на XLV меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура. Охрид 20-21 јуни 2012. Скопје: „Универзитет Св. Кирил и Методиј“, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, 2013, 285-290.<br>3. „Како негира Конески?“, Поетиката, стилистиката и лингвистиката на текстовите на Блаже Конески во корпусот 'Гралис'. Грац – Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“/Institut für slawistik der Karl-Franzens-Universität Graz, 2013, 141-147.<br>4. „За еден кондензиран начин на изразувањето на причината во македонскиот јазик“, Погледи за македонскиот јазик, 2020, стр. 301-317.<br>5. „Информацискиот аспект на изразувањето на причината во неколку дебатни емисии во претседателската кампања“. Во: XLVI меѓународна научна конференција на LII летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, 308–318. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура. | |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (10 x 3 + 1 x 2,4)**<br>1. „Речениците со *колку да* во македонскиот јазик“. Литературен збор 1-3, 2013, 41-46.<br>2. „Релацијата *под изговор дека* во македонскиот јазик“. Литературен збор 4-6, 2014, 71-78.<br>3. „Прилозите за начин како модификатори на предикацијата и на придавките“. Литературен збор 1-3, 2015, 29-34.<br>4. „Споделеното знаење и неинтегрираните конструкции во почетна позиција“. Литературен збор 4-6, 2015, 25-32.<br>5. „Аргументативните скали како внатрешнојазична норма“. Литературен збор 1-3, 2016, 91-100.<br>6. „Основните поими на теоријата на семантичките блокови“. Литературен збор 4-6, 2016, 55-62.<br>7. „Од проблематиката на нерестриктивната придавска модификација во македонскиот јазик“. Прилози на МАНУ. Одделение за лингвистика и литературна наука XLII 1-2, 2017, 19-30.<br>8. „Неинтегрираните конструкции во врска со директниот и со индиректниот објект“. Литературен збор 1-6, 2017, 59-69.<br>9. „Неинтегранioте наспроти интегрираните конструкции во македонскиот јазик,“ во: „Литературен збор “,1-6.: 19-31, 2018 г., Скопје. | 32, 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | 10. „Неколку двозначни конструкции низ призма на аргументативната концепција за значењето“. Литературен збор 1-6, 2019, стр. 109-118.<br>11. „Кон статусот на партикулите на планот на кохезијата“. Zora 80, 2011, 450-456, Maribor: Filozofska fakulteta, Univerza v Mariboru. (коавторство со Лидија Аризанковска и Анета Јанева) | |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир (5 x 2)**<br>1. „За негацијата на реченичните членови во македонскиот јазик“. *Шести научен собир на млади македонисти*. Скопје, 18 – 20 декември 2008. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2010, 71-77.<br>2. „Развиениот придавски атрибут во македонскиот јазик“. Седми научен собир на млади македонисти. Скопје, 14 – 16 октомври 2010. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2016, 177-184.<br>3. „Дескриптивноста наспроти епистемичноста во последичните реченици“. Осми научен собир на млади македонисти: Конференција во чест на проф. Лилјана Минова-Ѓуркова. Скопје, 16 – 18 мај 2013. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2016, 273-278.<br>4. „Парентетските реченици во говорениот македонски јазик“. Деветти научен собир на млади македонисти: Конференција во чест на проф. д-р Лилјана Минова Ѓуркова. Скопје, 12 – 13 мај 2016. Скопје: Универзитет Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2018, 99-107.<br>5. „Конески преку едно телевизиско интервју“, Како го читам Конески. Скопје: Фондација за македонски јазик „Небрегово“, 2018, 131-134. | 10 |
| | **Труд објавен во зборник на трудови на в.о. установа**<br>1. „За конгруенцијата во релативните зависносложени реченици“. *Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“*. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2011, 209-218. (коавторство со Анета Дучевска и Бобан Карапејовски) | 1,6 |
| | **Рецензија на монографија или превод на капитално дело /речник/ енциклопедија (6 x 0,5 = 3)**<br>6. „Значаен настан за македонистиката: VII научен собир на млади македонисти, Скопје 14-16.10.2010“. Литературен збор 1-6, 2011, 273-276 (коавторство со Бобан Карапејовски).<br>7. „СТУЛИКОН – Прва студентска лингвистичка конференција, Белград, мај 2011“. Литературен збор 1-6, 2011, 277-279. (коавторство со Бобан Карапејовски)<br>8. „Синтаксичка монографија од примарно значење: Лилјана Минова-Ѓуркова, ’Релативната реченица во македонскиот јазик во XIX и XX век‘. Македонски јазик LXIII, 2012, 291-296.<br>9. „Реториката како инвенција во елокуцијата на Димитар Пандев“: Димитар Пандев, „Општа реторика (дискурсна лингвистика). Литературен збор 4-6, 2014, 219-225.<br>10. „Пледоаје за автономна лингвистика“. Литературен збор 4-6, 2016, 177-181.<br>11. Македонскиот јазик од перспектива на семантиката на глаголскиот вид и на лексичката семантика на глаголите во: „Литературен збор “, 1-6.: 143-149, 2018 г., Скопје | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат**<br><br>1. Шести научен собир на млади македонисти, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2008);<br>2. Седми научен собир на млади македонисти, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2010);<br>3. XV научен собир „Денови на Благоја Корубин“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ (2011);<br>4. Studentska lingvistička konferencija (STULIKON), Филолошки факултет, Белград (2011);<br>5. Меѓународен научен симпозиум „Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2011);<br>6. XXXIX меѓународна научна конференција на Семинарот за македонски јазик, литература и култура, Универзитет Св. „Кирил и Методиј“ – Скопје (2012);<br>7. Осми научен собир на млади македонисти, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2013);<br>8. Меѓународна конференција за применета лингвистика (Практиката во јазикот, јазикот во практиката)/International conference on applied linguistics (Practice in language, language in practice), Универзитет ФОН, Факултет за странски јазици, Скопје (2013);<br>9. XVII научен собир „Денови на Благоја Корубин“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ (2013);<br>10. Деветти научен собир на млади македонисти (Конференција во чест на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова), Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2016);<br>11. Десетти научен собир на млади македонисти (Конференција во чест на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова), Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2018);<br>12. XLVI меѓународна народна конференција на LII летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје (2019);<br>13. Филолошки читања: јазикот и стилот на Блаже Конески, Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2021). | 13 |
| | **Учесник во национални научни проекти (4 x 3 = 12)**<br>1. „Речник на антонимите во македонскиот јазик“, ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“<br>2. Лектурата и јазичната редакција како предизвик за македонистите, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“<br>3. Јазичното планирање и јазичните политики во Република Македонија, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје<br>4. „Лицата со оштетен вид во улога на наставници по македонски јазик“ (Филолошки факултет „Блаже Конески“ и УКИМ); | 12 |
| | **Вкупно** | 145 |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Учество во промотивни активности на факултетот/институтот (2 x 0,5),** | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Промотивни активности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во средните училишта, 2019, 2020 | |
| 2. | **Лектура**<br><br>1. *Поетиката, стилистиката и лингвистиката на текстовите на Блаже Конески во корпусот 'Гралис'*. Грац – Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“/Institut für slawistik der Karl-Franzens-Universität Graz, 2013. (6 x 0.25=1.5)<br>2. *Литературен збор 1-6*, 2017 (17 x 0,25=4.25)<br>3. *Литературен збор* 1-6, 2018. (22 x 0,25=5.5)<br>4. *Литературен збор* 1-6, 2019. (25 x 0,25=6.25)<br>5. *Литературен збор* 4-6, 2020. (14 x 0,25=3.5)<br>6. *VII меѓународен научен собир на млади македонисти*, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, 2016. (25 x 0,25=6.25)<br>7. VIII *меѓународен научен собир на млади македонисти*, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, 2016. (8 x 0.25=2)<br>8. *Прилози на МАНУ XLIV*, МАНУ, Скопје 2020. (13 x 0.25=3.25)<br>9. *Македонскиот јазик – континуитет во простор и време*, МАНУ, Скопје, 2020. (12 x 0.25=3)<br>10. Лилјана Минова-Ѓуркова. *Релативната реченица во македонскиот јазик во XIX и XX век*. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2011.<br>11. Гордана Алексова. *Ѕуница*. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2012.<br>12. *Ветерот носи убаво време: антологија на најмладата македонска поезија и проза*, Скопје: Матица македонска, 2012.<br>13. Ефтим Клетников, *Тајната на златниот цвет*. Скопје: Магор, 2016.<br>14. Јордан Плевнеш, Маја Јакимовска-Тошиќ, *Романот за тајната книга*, Скопје: Магор, 2016.<br>15. Исмет Османи, *Граматика на албанскиот јазик*. Скопје, 2019 | 41,5 |
| 3. | **Учество во работата на комисии за државни натпревари (3 x 1)**<br>1. Државни натпревари по македонски јазик за основното (1 x 1) и за средното образование (1 x 1) во организација на Сојузот за друштвата за македонски јазик и литература во 2019<br>2. Државен рецитаторски натпревар во организација на Сојузот за друштвата за македонски јазик и литература, 2019 | 3 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 4. | **Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир (2 x 1)**<br>1. Член на уредувачкиот одбор на Зборникот трудови од VII научен собир на млади македонисти<br>2. Член на уредувачкиот одбор на Зборникот трудови од VIII научен собир на млади македонисти | 2 |
| 5. | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (3 x 1)**<br>1. Член на организацискиот одбор на VIII научен собир на млади македонисти<br>2. Член на организацискиот одбор на XI научен собир на млади македонисти<br>3. Член на организацискиот одбор на научниот собир *Филолошки читања: јазикот и стилот на Блаже Конески*, Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир**<br><br>1. Член на Организацискиот одбор за одбележување 100 години од раѓањето на Блаже Конески, Филолошки факултет „Блаже Конески“ | 0,5 |
| 6. | Член на факултетска комисија (3 x 0,5)<br>1. Комисија за попис<br>2. Техничка комисија за уписи<br>3. Комисија за конкурс за доделување на наградата „Блаже Конески“ за есеј | 1,5 |
| | **Вкупно** | 52,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 88,54 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 145 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 52,5 |
| **Вкупно** | 286,04 |

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА**

**Проф. д-р Анета Дучевска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Станислава Сташа Тофоска, член, с.р.**
**Проф. д-р Симон Саздов, член, с.р.**